Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 184/0306
09.04 2021 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 31 март 2021 година, врз основа на примена жалба од Јелмаз Дервиши, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Во изданието на дебатната емисија „Само вистина“, емитувано на 16 март 2021 година, на телевизија „Канал 5“, не се прекршени етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 18 март 2021 година, Јелмаз Дервиши, во име на тимот за односи со јавност на годинешниот македонски претставник на Евросонг 2021, Васил Гарванлиев, поднесе жалба за изданието на дебатната емисија „Само вистина“, емитувано на 16 март 2021 година, на телевизија „Канал 5“ (www.kanal5.com.mk).

Во жалбата се наведува дека во емисијата има елементи на неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, незастапена втора страна, дискриминација и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 10 и 13.

Од тимот на Гарванлиев, меѓу другото, посочуваат дека со ваков тип на спорни содржини се нарушува личниот интегритет, имиџ и творештво на Гарванлиев, како и на неговото семејство. Поради горенаведеното, подносителот на претставката Јелмаз Дервиши, бара јавно извинување, поради, како што потенцира, пристрасното и непрофесионално известување во врска со делото и учеството на Васил Гарванлиев на Евросонг 2021.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија „Канал 5“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Директорот на медиумот, Иван Мирчевски одговори, но не се осврна на наводите на жалбата, туку го изнесе својот став дека Канал 5 нема намера да комуницира со Советот за етика.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата во оспорената содржина не констатираше неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, незастапена втора страна, дискриминација и мешање на факти и мислење, вест и коментар, ниту прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1, 10 и 13, на кои упатува жалителот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 31 март 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во оспорената дебата. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата, најнапред, заклучи дека се работи за дебатната емисија „Само вистина", на која гостуваа директорот на Центарот за управување со кризи и претседател на партијата „Достоинство", Стојанче Ангелов и актерот Сашо Тасевски. Двајцата зборуваа за повеќе актуелни дневно - политички теми, вклучително и за македонскиот претставник на Евросонг 2021, Васил Гарванлиев, кој во изминатиот период предизвика силни реакции во јавноста.

Комисијата констатираше дека, иако во емисијата беше изразена остра и зајадлива реторика во однос на пејачот, особено од страна на еден од гостите, сепак, не најде доволно елементи да утврди навредлив јазик, дискриминација или говор на омраза. Во овој контекст, Комисијата оцени и дека водителката на дебатата немало потреба да интервенира, укаже или се огради од изнесените ставови на гостите, што е обврска на медиумските работници кога ќе се надминат границите на слобода на изразување. Комисијата нема надлежност да утврдува евентуална вина кај учесниците во дебатата, туку единствено кај медиумите во случаи кога на дебатните емисии игнорираат навредлив јазик или говор на омраза. Најпосле, учесници во предментата емисија се јавни личности, чии ставови се важен фактор при обликувањето на јавното мислење.

Став на Комисијата е дека дебатата за време на емисијата е од јавниот интерес, а дека јавните личности, во случајов, македонскиот претставник на Евросонг, е легитимна новинарска цел и не смее да биде изземен од прашања за кои јавноста има право да биде информирана. Јавните личности треба да го прифатат фактот дека се, особено преку медиумите, подложни на постојан јавен надзор и потенцијално силна јавна критика за нивната работа. Се работи за официјален претставник на држава на меѓународна манифестација и затоа тој треба да биде свесен дека границите на прифатлива критика се пошироки во однос на него, исто како и степенот на толеранција кој треба да го покаже во однос на евентуалните јавни критики.

Оттука, Комисијата се согласи дека во изданието на дебатната емисија „Само вистина", емитувано на 16 март 2021 година, не се прекршени етичките и професионални стандарди и нема отстапувања од Кодексот на новинарите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува телевизија „Канал 5“, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595